Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник Република Македонија” број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20 и 151/21), а во врска со член 169 став 6 од Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје, претставуван од Градоначалникот на Град Скопје Данела Арсовска од една страна и Претседателот на Синдикална Организација на Град Скопје Филип Силјановски, од друга страна, на ден 17.06.2022 година, склучија во Град Скопје

**Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“- Скопје**

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr 08-2057/1
17. 06. 2022 20
СКОПЈЕ-SHKUP

**Член 1**

Во Колективниот договор на ниво на работодавач - „Град Скопје“ - Скопје (бр.08-12000/1 од 31.12.2021 година, бр.08-1024/1 од 27.01.2022 година, бр.08-3405/1 од 01.04.2022 година и бр.08-5209/1 од 04.05.2022 година,) во членот 106 по ставот (4) се додава нов став, став (5) којшто гласи:

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се зголемува за 54 бодови.

Ставовите (5) и (6) стануваат (6) и (7).

**Член 2**

Во членот 128 ставот (3) се менува и гласи:

(3) Степените на сложеност на работните места кои се применуваат при утврдување на основната плата за вработените во администрацијата на Градот Скопје кои имаат статус на помошно – технички лица се:

| Група | Степен на сложеност |
|---|---|
| I - работи кои подразбираат едноставен рутински труд кој не бара посебно образование | 1,000 |
| II - помалку сложени работи и задачи, со помош на едноставни средства на труд за кои се доволни усмени упатства | 1,004 |
| III -средно - сложени работи и задачи на кои работата се повторува, со повремени појави на нови работи | 1,177 |
| IV -посложени и разновидни работи и задачи за чие извршување е потребна консултација | 1,184 |
| V - посложени и разновидни работи и задачи за чие извршување е потребен понизок степен на самостојност | 1,212 |
| VI -посложени и разновидни работи и задачи чие извршување бара извесен степен на самостојност | 1,226 |
| VII -сложени работи и задачи кои бараат повисок степен на самостојност во нивното извршување | 1,312 |
| VIII - работи кои бараат самостојност и висок степен на креативност во нивното извршување | 1,382 |

**Член 3**

Во членот 129 ставот (1) се менува и гласи:

(1) Групирањето на одделни работни места, за вработените кои имаат статус на помошно-технички лица, во рамките на степените на сложеност од член 128, како и определувањето на бодови се врши на следниот начин:

| Реден број | Назив на работно место | Број на бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1 | -Општ работник | 1444 | 1,000 |
| 2 | -Собарка<br>-Хигеничар | 1450 | 1,004 |
| 3 | -Хаусмајстор<br>-Курир<br>-Тонски сниматeл на седници<br>-Кафекувар | 1700 | 1,177 |
| 4 | -Копирант<br>-Келнер/ка | 1710 | 1,184 |
| 5 | -Обезбедување на објекти<br>-Возач | 1750 | 1,212 |
| 6 | -Фотограф<br>-Домаќин<br>-Обезбедување на кабинетот на Градоначалникот и Совет на Град Скопје | 1770 | 1,226 |
| 7 | -Возач на Претседателот на Советот на Град Скопје и Секретарот на Град Скопје<br>-Диспечер | 1895 | 1,312 |
| 8 | -Возач на градоначалник | 1995 | 1,382 |

**Член 4**

Во членот 131, во ставот (2) римско I, по точката 3 се додава нова точка, точка 4 која гласи:

4. Обезбедување на објекти.

**Член 5**

Во членот 131, во ставот (2) римско II, по точката 2 се додава нова точка, точка 3 која гласи:

3.Помлад соработник.

**Член 6**

Во членот 131, во ставот (2) римско III, по точката 2 се додава нова точка, точка 3 која гласи:

3.Раководител на одделение.

**Член 7**

Во членот 133, во ставот (1) табелата се менува и гласи:

| Реден број | Назив на работно место | Број на бодови | Степен на сложеност |
|---|---|---|---|
| 1 | В4-Пожарникар – спасител<br>В3-Пожарникар спасител – автолимар<br>В3-Пожарникар спасител –водоинсталатер<br>В3-Пожарникар - спасител за логистичка поддршка<br>В3-Пожарникар спасител – возач на специјално возило | 1010 | 1,000 |
| 2 | В3-Пожарникар спасител – противпожарен сервисер<br>В3-Пожарникар спасител – електричар<br>В3-Пожарникар спасител возач на специјално возило – автомеханичар<br>В3-Пожарникар спасител возач на специјално возило – автоелектричар | 1034 | 1,024 |
| 3 | В3-Пожарникар спасител – магационер | 1055 | 1,045 |
| 4 | В2-Пожарникар спасител – оператор на КОЦ<br>В2-Водич на група – возач В2-Водич на група | 1070 | 1,059 |
| 5 | В1-Пожарникар – инструктор | 1081 | 1,070 |
| 6 | Б4-Командир на одделение | 1088 | 1,077 |
| 7 | Б4-Пожарникар – раководител на механичка работилница<br>Б4-Пожарникар – раководител на ПП сервис<br>Б3-Командир на вод<br>Б3-Командир на вод на центар (Автокоманда)<br>Б3-Командир на вод на потцентар (Тафталиџе)<br>Б3-Командир на вод на потцентар (Ѓорче Петров)<br>Б3-Командир на вод на потцентар (Драчево)<br>Б3-Командир на вод на потцентар(Бит пазар) | 1100 | 1,089 |
| 8 | Б3-Командир на Командно – оперативен центар (КОЦ) | 1140 | 1,129 |
| 9 | Б2-Заменик командир на чета | 1145 | 1,134 |
| 10 | Б1-Командир на чета | 1191 | 1,179 |
| 11 | А3-Помошник командант на бригадата за оперативен развој<br>А3-Помошник командант на бригадата за развој и техника | 1560 | 1,545 |
| 12 | А2-Заменик командант на бригада | 1740 | 1,723 |
| 13 | А1-Командант на бригада | 1840 | 1,822 |

**Член 8**

Одредбите од член 1 до член 6 од овој колективен договор се применуваат со исплата на плата за месец јуни 2022 година.

**Член 9**

Овој Колективен договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на ниво на работодавач Град Скопје – Скопје стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Град Скопје**

**Градоначалник**
**Данела Арсовска**

**Синдикална организација**
**на Град Скопје**
**Претседател**
**Филип Силјановски**